РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

09-2028/3
26-07-2021

Врз основа на член 22 став и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и согласно член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019), Државната комисија за спречување на корупцијата постапувајќи по пријава со наводи за постоење на судир на интереси од непознат подносител, на продолжение на 50та седница одржана на ден 22.07.2021 година донесе

## Одлука

Пријавата за покренување постапка за утврдување состојба на судир на интереси против -------- – претседател на политичката партија ----------- - и директор на Агенцијата ----------- доставена од непознат подносител СЕ ЗАПИРА.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, наводите во пријавата не се потврдуваат, поради што Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за надлежно постапување по предметот со број 09-3456/1 од 08.07.2019 година.

Предметот со број 09-3456/1 од 08.07.2019 година да се затвори и да се архивира.

## Образложение

Предметот со број 09-3456/1 од 08.07.2019 година е оформен врз основа на пријава од непознат пријавител, доставена до Државната комисија за спречување на корупцијата, против ------------- – претседател на политичката партија ----------- и директор на Агенцијата ------------------, со наводи дека влијаел за вработување на ----------- партиски активист на истата партија и наводно во роднински врски со -------------- на работна позиција секретар во СОЗУ ----------------.

Заради утврдување на фактичката состојба и потврдување на наводите во пријавата, Државната комисија се обрати до СОЗУ „-------------- и достави барање за доставување на податоци и информации за тоа дали лицето ------------------ е вработена или на било кој начин работно ангажирана во СОЗУ ------------------

Во законски утврдениот рок, СОЗУ ------------------" достави Одговор на барањето од страна на Државната комисија, во кој наведува дека -------------- е вработена во СОЗУ -------------- по претходно обезбедена согласност за вработување на работник за итни и неодложни работи од страна на Градоначалникот на општина ---------, Барање за посредување при вработување на работници до Агенција за вработување на РСМ, Известување по однос на барањето за посредување при вработување работници од страна на Агенцијата за вработување , записник за посредување за вработување, Извештај во врска со барањето за посредување и извршеното интервју за избор на кандидат и Договор за вработување на определено време со лицето --------.

По повторно разгледување на наводите во пријавата, како и доставениот одговор на барањето доставено од страна на Државната комисија, а во врска со тоа дали ------------ е вработена во СОЗУ ----------------- во ----------, Државната комисија констатира дека во

конкретниот случај наводите од пријавата не се потврдуваат, односно лицето -------------- – директор на -------------- немал влијание во постапката за вработување на лицето -------------, затоа што истиот ниту е вработен во СОЗУ ---------------- ниту на било каков начин можел да учествува и одлучува во таквата постапка и да бара негово иземање согласно член 75 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интересите.

Покрај горенаведеното, лицата против кои е поднесена пријавата, согласно наводите во истата се вели дека се во роднинска врска, меѓутоа со оглед на тоа дека станува збор за пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија немаше можност да се обрати до подносителот заради допрецизирање на наводите за наводни роднински врски, со што не може да се зборува за блиски лица согласно член 8 став 4 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интересите „Под поимот „блиски лица" се подразбираат лицата во брачна или вонбрачна заедница со службеното лице, роднини по крв во права линија и во странична линија до четврт степен, роднините по сватовство до втор степен, како и секое физичко или правно лице со кое службеното лице има финансиски интерес."

Имајќи го предвид погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

ДРЖАВНА КОМИСИЈА
ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
Претседател,
Билјана Ивановска

Изработил: Е.Н., соработник
Одобрил: Ш.С., член на ДКСК